ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302/471-047/1
29.01.2018 год.
СКОПЈЕ

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 7 став (2) точка 12) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија" бр.95/12, 188/13, 27/14, 154/15, 192/15, 23/16, 190/16 и 193/17) и член 19 став (1) точка 12) од Статутот на Институтот за сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, Собранието на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, по добиената согласност од Министерството за финансии бр._______, од __.__.2018 година, на седницата одржана на __.__.2018 година, донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА КОНТРОЛА НА РАБОТЕЊЕТО НА ВРШИТЕЛОТ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ, ТРГОВЕЦОТ ПОЕДИНЕЦ - СМЕТКОВОДИТЕЛ, ТРГОВЕЦОТ ПОЕДИНЕЦ - ОВЛАСТЕН СМЕТКОВОДИТЕЛ И ДРУШТВОТО ЗА ВРШЕЊЕ СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ ЗА 2018 ГОДИНА

Годишната програма за контрола на работењето на вршителот на сметководствени работи, трговецот поединец - сметководител, трговецот поединец - овластен сметководител и друштвото за вршење сметководствени работи за 2018 година е изработена согласно надлежностите на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија (во натамошниот текст: Институтот) уредени со Законот за вршење на сметководствени работи и надлежностите на Комисијата за контрола на работењето на вршителите на сметководствени работи, трговци поединци – сметководители, трговци поединци - овластени сметководители и друштва за вршење на сметководствени работи уредени со Статутот на Институтот.

| *АКТИВНОСТИ* | *Период за спроведување* |
|---|---|

1. Донесување на процедура за спроведување на контрола на работењето на вршителот на сметководствени работи, трговецот поединец - сметководител, трговецот поединец - овластен сметководител и друштвото за вршење сметководствени работи;

   **Мај - Јуни 2018**

2. Донесување на програма за обука на лицата кои ќе го спроведуваат процесот на контрола на работењето на субјектите за вршење на сметководствени работи;

   **Мај - Јуни 2018**

3. Донесување на годишен план за проверките на контролата на работењето на вршителот на сметководствени работи, трговецот поединец - сметководител, трговецот поединец - овластен сметководител и друштвото за вршење сметководствени работи за 2018 година;

   **Мај - Јуни 2018**

4. Донесување на прашалници за доставување на податоци од субјектите на контрола;

**Мај - Јуни 2018**

5. Спроведување на програмата за обука на лицата кои ќе го спроведуваат процесот на контрола на работењето на субјектите за вршење на сметководствени работи;

**Јуни - Август 2018**

6. Спроведување на годишниот план за контрола на работењето на вршителот на сметководствени работи, трговецот поединец - сметководител, трговецот поединец - овластен сметководител и друштвото за вршење сметководствени работи за 2018 година;

**Септември - Декември 2018**

7. Проследување на резултатите од спроведените проверки на контрола на работењето до соодветните комисии во рамките на Институтот.

**Септември - Декември 2018**

8. Доставување на предлози за обуки за континуирано професионално усовршување согласно резултатите од проверките на контролата на работењето до Комисијата за образование, обука и публикации.

**Декември 2018**

Оваа програма стапува на сила наредниот ден од денот на нејзиното донесување.

Скопје, 29.01.2018

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ИСОС 1 СКОПЈЕ